# UNIVERSAL PRIMER-2K-4060

**Двокомпонентен полиуретански прајмер без разредувачи**

## ОПИС

**UNIVERSAL PRIMER-2K-4060** е двокомпонентен полиуретански прајмер без разредувачи, за употреба со **HYPERDESMO®** линијата на производи, како и за другите полиуретански производи на ALCHIMICA.

Брзо врзува, не е токсичен (zero VOC) и специјално е формулиран за да овозможи јака адхезија со влажна или мокра подлога.

Се нанесува со четка или валјак со вкупна потрошувачка од **100-200гр/м²** во зависност од порозноста на подлогата.

- UNIVERSAL PRIMER-2K-4060 брзо врзува. За полесна употреба се препорачува 5-10% разредување со Solvent-01;
- За апликација на непорозен сув бетон, можно е да има потреба од понатамошно разредување за да се подобри адхезијата;
- **ВНИМАНИЕ:** Разредувањето значи дека производот не е веќе zero VOC,
- Не надминувајте ја границата од **200гр/м²**.

## ОДОБРЕНИЕ

Јачината на адхезија на UNIVERSAL PRIMER-2K-4060 ги надминува барањата на EOTA (European Organization of Technical Approval).

## ПРЕПОРАКА ЗА УПОТРЕБА

Се користи за:

- Генерална употреба;
- Метали (и галванизирани), алуминиум, мермер;
- Подобрување на меѓуслој на други производи;
- Аплицирање во услови на недоволна вентилација;
- Асфалт и асфалтни мембрани,
- Други не-полиуретански системи (пр. акрилни бои).

## ОГРАНИЧУВАЊА

Во случај да сте несигурни за степенот на адхезија на одредена подлога (пр. пластика) поради нејзиниот вид и моментална состојба, потребно е да се изврши претходно тестирање.

## ПРЕДНОСТИ

- Одлична адхезија на скоро сите видови на подлоги;
- Без разредувачи: одговара за работа во простории без добра вентилација;
- Врзува дури и при ниски температури и на влажен бетон;
- Високо хидрофобен;
- Може да биде добар заптивачки слој ако се исполни со минерални полнители,
- Може да се користи како полнило или лепак за геотекстил.

## АПЛИКАЦИЈА

Исчистете ја подлогата со водена пумпа (по можност). Да се отстрани уље, секаква маснотија како и било какви восочни контаминенти. Цементно млеко, трошни делови или било какви мембрани - мора да се отстранат. Во случај да има неправилности на подлогата кои треба да се исполнат, ставете песок во UNIVERSAL PRIMER-2K-4060.

**Мешање:**

Измешајте ги добро двете компоненти. При високи температури мешајте во плитки и широки садови за да го зголемите времето на стоење.

**Разредување:**

- Користете само Solvent-01;
- Да не се разредува кога се нанесува на влажни или мокри површини;
- За зголемено време на стоење и намалена потрошувачка на мешавината додадете 5-10%,
- Се разредува кога се користи на непорозен сув бетон.

# UNIVERSAL PRIMER-2K-4060

**Аплицирање:**
Се нанесува со четка или ваљак. Штом врзе, може да се нанесе финалната мембрана (пр. HYPERDESMO).

## ПОТРОШУВАЧКА

**100-200 гр/м²** во зависност од порозноста на подлогата.
Не надминувајте ја границата од **200 гр/м²**

## ЧИСТЕЊЕ

Исчистете ги алатите и опремата прво со хартиена крпа, а потоа со Solvent-01.
Ваљаците неможат повторно да се употребат.

## ПАКУВАЊЕ

1кг (0.4+0.6), 4кг (1.6+2.4) и 20кг (8+12).

## РОК НА СКЛАДИРАЊЕ

Може да се чува минимум 12 месеци во оригиналните неотворени канти на температури од 5°C - 25°C на суви места. Штом ја отворите кантата, потрошете го материјалот што е можно поскоро.

## МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

UNIVERSAL PRIMER-2K-4060 не содржи растворувач. Сепак препорачуваме да се следат општите безбедносни мерки: Да се аплицира во добро вентилирани простории, да не се пушат цигари и да нема отворен оган во близина. Во затворени простории користете вентилатори и маски со активен јаглен.

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

**Во течна форма (пред мешање и аплицирање):**

| КАРАКТЕРИСТИКА | ЕД. МЕРКА, МЕТОДА | Комп. А (изоцијанат) | Комп. Б (полиол&амин) |
|---|---|---|---|
| Вискозитет | cP, ASTM D2196-86 при 25°C | 200 | 3,500 |
| Специфична тежина | gr/sm³, ASTM D1475 / DIN53217 / ISO 2811 при 20°C | 1.2 | 1.0 |
| Боја | - | темно кафена | безбоен |
| Тежински сооднос на мешање | А:Б, тежински | 1:1.5 | |
| Волуменски сооднос на мешање | А:Б, волуменски | 1:2 | |

# UNIVERSAL PRIMER-2K-4060

**Тест на адхезија по ASTM D4541:**

| ПОДЛОГА | СИЛА | РЕЗУЛТАТ |
|---|---|---|
| Галванизиран челик | >10mPa | Откажува макарата |
| Бетон | >4mPa | Попушта бетонот |
| Влажен бетон | >4mPa | Попушта бетонот |
| Мермер | >5mPa | Откажува макарата |
| HYPERDESMO на UNIVERSAL PRIMER-2K-4060 | >5mPa | Откажува макарата |

**Ниту една од овие инструкции и спецификации запишани овде се обврзувачки, со респект кон правата на било која друга инволвирана страна, ниту пак ве ослободуваат од вашата обврска да ги подложите нашите производи кон испитувања соодветни на наложената ситуација. Во ниту еден случај АЛХИМИКА ТЕХНОЛОЏИ нема да биде одговорна за било какви штети настанати при употребата на овие информации или производи.**

